				пријавени во Заводот за патенти	регистрирани во Заводот за патенти	Република Северна Македонија	странство	
			1	2	3	4	5	6
01	**ВКУПНО (02 - 07)**							
02								
03								
04								
05								
06								
07								

Објаснување: Називот на научната гранка и шифрата да се впишат според приложената Класификација на страница 17.

ЗАБЕЛЕШКА: Запишете ги сите забелешки што се корисни за правилно толкување на податоците

Потребно време за пополнување на Извештајот _____ мин.

Потпис на лицето кое го пополнило Извештајот

(име и презиме со печатни букви, потпис)

Директор

М. П.

(име и презиме со печатни букви, потпис)

Број на телефон на лицето кое го пополнило Извештајот

Во _____, _____ 2025

ОПШТИ ДЕФИНИЦИИ И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ ИР. 2

ОПФАТ

Со овој образец се прибираат податоци за научното истражување и истражувањето и развојот (Р&Д), активности кои се вршат во државниот сектор и приватните непрофитни организации.

Државниот сектор ги вклучува сите институции (освен високообразовните установи) кои вршат, но не продаваат, туку остваруваат владина економска и социјална политика.

- Деловните субјекти во областа на стопанството, организации и институции чија основна дејност е производство на стоки и услуги (освен високото образование) за продажба;

Тука спаѓаат сите непрофитни институти кои ги финансира владата.

Јавните претпријатија се вклучени во деловниот сектор.

Приватниот непрофитен сектор ги вклучува сите приватни непрофитни институции кои ги снабдуваат приватниците и домаќинствата. Нив ги финансира основачот во форма на давање на готовина, а дел од финансиските средства се добиваат од деловните субјекти во областа на стопанството и Владата.

Според меѓународната конвенција, во овој сектор е вклучена и истражувачко-развојната дејност на поединци.

Од овој сектор се изземаат следните видови на одделни непрофитни институции:

- оние кои главно вршат стопанска дејност;
- оние кои примарно н служат на Владата;
- оние кои гарантирано делуваат на подрачјето на високото образование или, пак, ги надгледува истражувачки институт во рамките на јавните високообразовни установи.

ОСНОВНИ ДЕФИНИЦИИ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА И ИСТРАЖУВАЧКО-РАЗВОЈНАТА ДЕЈНОСТ

Научно-истражувачката дејност се состои од креативна и систематска творечка работа што се презема за да зголеми фондот на знаење, да се откријат нови знаења, вклучително и знаењето на човекот, културата и општеството и со користење на тоа знаење да се изнајдат нови пронајдоци со цел подигање на општото ниво на развој на општеството и користење на овие вештини во сите области на општествениот развој.

За да се смета за активност за истражување и развој, одредена активност мора да ги исполнува следниве пет главни критериуми:

- Нова
- Креативна
- Неизвесна
- Систематска
- Пренослива и/или репродуктивна

Нова - Активност треба да биде насочена кон нови откритија. Новите знаења се очекува да бидат објективен И&Р проект.

Креативна - Новите концепти и идеи го подобруваат постоечкото знаење, ги модифицираат производите или процесите и, според тоа, човечкиот придонес е неразделно поврзан со креативноста во И&Р.

Неизвесна - Активноста треба да биде неизвесна во врска со конечниот резултат. Во принцип, во И&Р се сметаат трошоците и времето потребни за да се постигнат очекуваните резултати, но исто така и неизвесноста во однос на тоа дали е можно да се постигнат сите зацртани цели и до кој степен.

Систематска - Активноста треба да биде систематска и финансирана. И&Р е формална активност која се врши систематски. Ова значи дека И&Р се врши постапно/систематски и дека се води евиденција за спроведените постапки Потребно е да се дефинира целта на проектот за И&Р и изворите од кои ќе се финансира спроведувањето/извршувањето на активностите за И&Р.

Пренослива и/или репродуктивна - Активноста треба да доведе до резултати кои се повторливи. И&Р е оној проект кој треба да овозможи трансфер на нови знаења и да се обезбеди неговата употреба од други истражувачи, можноста да го повтори резултат како дел од активноста за И&Р.

Ова ги вклучува и И&Р активностите коишто имаат негативни резултати, ако оригиналната хипотеза не е потврдена така што производот не може да се развива како што првично било планирано. Бидејќи целта за И&Р е зголемување на општото знаење, резултатите не треба да останат необјавени (на пр., во умот на научниците), бидејќи на тој начин постои можност знаењето да се изгуби.

Снимањето на знаењето и неговото ширење е дел од законот за универзитети и истражувачки институти.

Во деловниот сектор, резултатите ќе бидат заштитени со тајност и други форми на заштита на интелектуалната сопственост, но се очекува дека постапките и резултатите се снимени така што тие може да се користат од страна на други истражувачи во бизнис секторот.

Научната дејност се остварува преку: основни (фундаментални), применети и развојни истражувања и оспособување на кадри за научно-истражувачка работа.

- Основно ФУНДАМЕНТАЛНО истражување е систематски креативна активност насочена кон освојување на нови знаења за потеклото и причините за појави и факти, без оглед на одредена посебна примена или употреба. Резултатите од фундаменталните истражувања обично се формулираат како основни принципи, теории и

ПРИМЕНЕТО истражување се врши или за да се утврди можноста за користење на резултатите од фундаменталните истражувања во поглед на неговата практична примена, или да произлезат нови методи или начини кои овозможуваат да се постигне некоја однапред одредена цел. Ова истражување се базира на постоечките знаења и нивно продлабочување, со цел решавање на конкретни проблеми.

РАЗВОЈНО истражување е систематска творечка активност врз основа на резултатите од фундаменталните и применетите истражувања и практични знаења во насока на воведување на нови материјали, производи, уреди, процеси и методи.

Главната разлика на активностите истражување и развој (И&Р) и активностите кои не се, е присуството или отсуството на елементите на новините или иновациите во поголема мера. Ако некоја активност претставува значително подобрување на техничките карактеристики, компоненти и материјали, софтвер, ориентација кон корисниците или на други функционални карактеристики, а тоа е примена на нов или значително подобрен производ, процес или услуга, како и нов организациски метод во бизнисот и организацијата на работата, треба да биде вклучена во ова истражување.

Активности кои не припаѓаат во опфатот на истражување и развој (И&Р):

- Рутински испитувања и анализи на сите форми, без разлика дали тие се користат за контрола на материјали, компоненти или производи, или го контролираат нивниот квалитет и квантитет (сепак би требало да се вклучат испитувањата и анализите кои се составен дел од некој истражувачко-развоен процес);
- Истражување на пазарот, оперативни истражувања, студии на трудот, анализа на трошоци, управување со бизнис, итн.;
- Експериментално производство кое не е примарна цел за понатамошно подобрување на производот;
- Трошоци за дизајн кои имаат за цел следење на промените во модните трендови и следење на уметнички дизајн;
- Правни и административни работи кои се поврзани со пријавувањето и регистрацијата на патенти, работи во врска со продажба на патенти и лиценци, експериментални работи кои се вршат само во улога на регистрација на патент.

ЦЕЛИ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА И ИСТРАЖУВАЧКО-РАЗВОЈНАТА ДЕЈНОСТ

Со востановувањето на организацијата на научно-истражувачката дејност се обезбедува:

- континуирано унапредување на научно-истражувачката дејност;
- заемна поврзаност на науката и образованието;
- координација на субјектите за вршење на научно-истражувачка дејност;
- унапредување на домашната и на меѓународната соработка во трансферот на знаења;
- истражување, обука и примена - унапредување на користењето на резултатите од истражувањата;
- транспарентност во истражувањата и во користењето на резултатите;
- зголемување на продуктивноста на трудот и на националната конкурентска способност во глобалниот простор;
- зголемување на индивидуалниот и општествениот квалитет на живеење;
- еднаквост на жените во науката - рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија;
- афирмација на националниот идентитет и одржлив развој и заштита на животната средина.

ФИНАСИРАЊЕ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА И ИСТРАЖУВАЧКО-РАЗВОЈНАТА ДЕЈНОСТ

Средствата за финансирање на научно-истражувачката дејност се обезбедуваат од:

1. Буџетот на Република Македонија во согласност со целите и приоритетите утврдени во Националната програма;
2. развојни програми од јавен интерес за Република Северна Македонија и од други извори;
3. меѓународни програми и фондови;
4. единиците на локалната самоуправа;
5. правни лица;
6. сопствени приходи;
7. легати, подароци, завештанија, прилози и други извори.

Со средствата стекнати од легати, подароци, завештанија и прилози, субјектите на научно-истражувачката дејност располагаат според намената на давателот.

МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ

Методолошките основи за ова истражување се меѓународните стандарди што ги постави ОЕЦД, објавени во прирачникот FRASCATI 2002. Применети се сите меѓународни класификации кои се дадени во прилог за пополнување на Годишниот извештај за истражување и развој.

КЛАСИФИКАЦИЈА НА НАУЧНИ ОБЛАСТИ И ГРАНКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ	
1. Природни науки	1.1 Математика 1.2 Компјутерска и информатичка наука 1.3 Физички науки 1.4 Хемиски науки 1.5 Земјата и сродни науки за животната средина 1.6 Биолошки науки 1.7 Други природни науки
2. Инженерство и технологија	2.1 Градежништво 2.2 Електротехника, електронски инженеринг, информатички инженеринг 2.3 Машинство 2.4 Хемиски инженеринг 2.5 Материјали 2.6 Медицински инженеринг 2.7 Инженерство на животната средина 2.8 Биотехнологија на животната средина 2.9 Индустриска биотехнологија 2.10 Нанотехнологија 2.11 Друго инженерство и технологија
3. Медицински и здравствени науки	3.1 Основна медицина 3.2 Клиничка медицина 3.3 Здравствени науки 3.4 Здравство- биотехнологија 3.5 Други медицински науки
4. Земјоделски науки	4.1 Земјоделство, шумарство и рибарство 4.2 Добиток и млеко 4.3 Ветеринарна наука 4.4 Земјоделски науки-биотехнологија 4.5 Други земјоделски науки
5. Општествени науки	5.1 Психологија 5.2 Економија и бизнис 5.3 Образовни науки 5.4 Социологија 5.5 Закон 5.6 Политички науки 5.7 Социјална и економска географија 5.8 Медиуми и комуникација 5.9 Други општествени науки
6. Хуманистички науки	6.1 Историја и археологија 6.2 Јазици и книжевност 6.3 Филозофија, етика и веронаука 6.4 Уметност (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика) 6.5 Други општествени науки

Шифра на дејност (која се внесува во образецот)	**ШИФРАРНИК ЗА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИТЕ ПРИЛАГОДЕНА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ИСТРАЖУВАЧКО-РАЗВОЈНАТА ДЕЈНОСТ**	Соодветни одели, групи и класи - НКД
1	ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО	01, 02, 03
2	РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ НА КАМЕН	05, 06, 07, 08
3	ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА И ПРОИЗВОСТВО НА ПИЈАЛАЦИ	10,11
4	Производство на тутунски производи	12
5	Производство на текстил	13
6	Производство на облека	14
7	Производство на кожа и слични производи од кожа	15
8	Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал	16
9	Производство на хартија и производи од хартија	17
10	Печатење и репродукција на снимени медиуми (записи), Издавање на книги, периодични изданија и останати издавачки дејности	18, 58.1
11	Производство на производи од печка за коксирање	19.1
12	Производство на рафинирани нафтени производи	19.2
13	Производство на хемикалии и хемиски производи	20
14	Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати	21
15	Производство на производи од гума и производи од пластични маси	22
16	Производство на други неметални минерални производи	23
17	Производство на сурово железо, челик и феролегури, Производство на цевки, шупливи (издлабени) профили и слични производи од челик, Производство на други производи со примарна преработка на челик, Леење на железо, Леење на челик	24.1, 24.2, 24.3, 24.51, 24.52
18	Производство на благородни и други обоени метали, Леење на лесни метали, Леење на други обоени метали	24.4, 24.53, 24.54
19	Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема	25 (освен 25.4)
20	Производство на мотори и турбини, освен мотори за авиони и моторни возила	28.11
21	Производство на машини за земјоделството и шумарството, Производство на други машини за специјални (посебни) потреби	28.3, 28.9
22	Производство на алатни машини за обработка на метали и машински средства (алати)	28.4
23	Производство на оружје и муниција	25.4
24	Производство на канцелариски машини и опрема (освен производство на компјутери и периферна опрема), Производство на компјутери (сметачки машини) и периферна опрема	28.23, 26.2
25	Производство на електромотори, генератори и трансформатори	27.11
26	Производство на апарати за дистрибуција и контрола на електричната енергија	27.12
27	Производство на кабел и електроинсталациски материјал	27.3
28	Производство на батерии и акумулатори	27.2
29	Производство на електрична опрема за осветлување	27.4
30	Производство на друга електрична опрема	27.9
31	Производство на електронски составни делови (компоненти) и електронски плочи	26.1

Шифра на дејност (која се внесува во образецот)	**ШИФРАРНИК ЗА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИТЕ ПРИЛАГОДЕНА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ИСТРАЖУВАЧКО-РАЗВОЈНАТА ДЕЈНОСТ**	Соодветни одели, групи и класи - НКД
32	Производство на опрема за комуникација	26.3
33	Производство на електроника за широка потрошувачка	26.4
34	Производство на опрема за зрачење, електромедицинска и електротерапевтска опрема, Производство на медицински и стоматолошки инструменти	26.6, 32.5
35	Производство на инструменти и апарати за мерење, испитување и навигација	26.51
36	Инсталирање на индустриски машини и опрема	33.2
37	Производство на оптички инструменти и фотографска опрема	26.7
38	Производство на саати и часовници	26.52
39	Производство на моторни возила, приколки и полуприколки	29
40	Поправка и одржување на чамци и бродови Изградба на чамци и бродови,	30.1, 33.15
41	Производство на железнички локомотиви и шински возила, Поправка и одржување на други превозни средства	30.2, 33.17
42	Производство на воздухопловни и вселенски летала како и сродна машинерија, Поправка и одржување на воздухопловни и вселенски летала	30.3, 33.16
43	Производство на превозни средства, неспомнато на друго место	30.9
44	Производство на мебел	31
45	Производство на накит, бижутерија и сродни производи, Производство на музички инструменти, Производство на спортска опрема, Производство на игри и играчки	32.1-32.4
46	Обновување на материјали	38.3
47	Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, Собирање, обработка и снабдување со вода	35, 36
48	Специјализирани градежни дејности Изградба на згради, Нискоградба	41, 42, 43
49	Трговија на големо и на мало со моторни возила и мотоцикли и поправка на моторни возила и мотоцикли, Трговија на големо, освен трговија со моторни возила и мотоцикли, Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли, Поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата	45, 46, 47, 95.2
50	Објекти за сместување, Дејности за подготовка на оброци и служење на храна	55, 56
51	Телекомуникации	61
52	ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ, Поштенски и курирски дејности, Туристички агенции, организатори на патувања (туроператори) и останати резервациски услуги, како и дејностите поврзани со нив	49-53, 79
53	Финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови, Осигурување, реосигурување и пензиски фондови, освен задолжително социјално осигурување, Помошни дејности кај финансиските услуги и дејностите во осигурувањето	64, 65, 66
54	Дејности во врска со недвижен имот, Дејности на изнајмување и давање под закуп (лизинг)	68, 77
55	Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности, Обработка на податоци, хостирање и слични дејности; интернет портали, Поправка на компјутери и периферна (дополнителна компјутерска) опрема	62 (освен 62.02), 63.1, 95.11

Шифра на дејност (која се внесува во образецот)	**ШИФРАРНИК ЗА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИТЕ ПРИЛАГОДЕНА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ИСТРАЖУВАЧКО-РАЗВОЈНАТА ДЕЈНОСТ**	Соодветни одели, групи и класи - НКД
56	Издавање на софтвер, Компјутерски консултантски дејности	58.2, 62.02
57	Научно истражување и развој	72
58	Правни и сметководствени дејности, Управувачки дејности; советување во врска со управувањето, Маркетинг (реклама и пропаганада) и истражување на пазарот, Останати стручни, научни и технички дејности, Ветеринарни дејности, Дејности на вработување, Заштитни и истражни дејности, Услуги поврзани со одржување на згради и дејности на уредување и одржување на животната средина и природата, Канцелариско-административни и помошни дејности и деловно-помошни дејности	69, 70, 73, 74, 75, 78, 80, 81, 82
59	Архитектонски дејности и инженерство; техничко испитување и анализа	71
60	Отстранување на отпадни води, Дејности за собирање, обработка и отстранување на отпад; обновување на материјали, Дејности за санација и останати услуги на управување со отпад, Филмска дејност, продукција на видео и телевизиска програма и дејности на снимање на звучни записи и музичко издаваштво, Емитување на програма, Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување, Образование, Дејности за здравствена заштита, Дејности на социјалната заштита со сместување, Дејности на социјалната заштита без сместување, Креативни, уметнички и забавни дејности, Библиотеки, архиви, музеи и останати културни дејности, Дејности на коцкање и обложување, Спортски, забавни и рекреативни дејности, Дејности на организации врз база на зачленување, Други лични услужни дејности, Дејности на домаќинствата кои вработуваат послуга (домашен персонал), Дејности на приватните домаќинаства кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби, Дејности на екстратериторијалните организации и тела	37-39 (освен 38.3), 59, 60, 84-99 (освен 95)

КЛАСИФИКАЦИЈА НА ОПШЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИТЕ ЦЕЛИ

01. Истражување и експлоатација на земјата

Оваа група ги опфаќа истражувањата и експлоатацијата на Земјината кора и покривка, моријата, океаните и атмосферата. Не е опфатено испитувањето на загаденоста, студиите на земјиштето за земјоделски цели и рибарството. Опфатени се метеоролошките истражувања, освен кога се вршени со помош на сателити.

02. Животна средина

Ова поглавје содржи И&Р поврзани со:

- контрола на загадувањето во насока на идентификација и анализа на изворите на загадување и нивните причини, и сите загадувачи, вклучувајќи го и нивното ширење во животната средина и ефектите врз човекот, видовите (фауната, флората, микроорганизмите) и биосферата;
- развој на мониторинг објекти за мерење на сите видови на загадување;
- елиминирање и спречување на сите форми на загадување во сите видови на животната средина.

Оваа глава, исто така, вклучува И&Р во врска со:

- заштита на атмосферата и климата;
- заштита на амбиентниот воздух;
- заштита на водата;
- заштита на почвата и подземните води;
- бучава и вибрации;
- заштита на загрозени (ретки) видови на животни и нивните живеалишта;
- заштита од природни непогоди;

03. Истражување и експлоатација на просторот

Ова поглавје ги содржи сите И&Р кои се однесуваат на државниот простор. Ова поглавје содржи И&Р во врска со:

- научно истражување на вселената;
- применети истражувачки програми;
- системи за лансирање;
- простор за лаборатории.

Во ова поглавје не се вклучени соодветните И&Р во областа на одбраната. Треба да се напомене дека И&Р, во државниот простор, во принцип, се занимава со конкретни цели како што се зголемување на општото знаење (на пример, астрономијата), или се однесува на одредени апликации (на пример, телекомуникациски сателити).

04. Транспорт, телекомуникации и други инфраструктури

Во оваа група се вклучени истражувањата што се насочени кон подобрување и зголемување на квалитетот и безбедноста на сообраќајно-транспортните системи (освен кога тие системи се во рамките на урбаното и руралното планирање), како и сите истражувања и развој за планирање и организација на телекомуникациската мрежа.

Вклучени се истражувања и развој што се однесуваат на вкупното планирање во урбаната и руралната околина, подобрување на условите на живеење и уредување на околината (на пр., изградба на болници, звучна изолација итн.), а со цел да се создадат основи за интегрирано планирање кое треба да ги поврзе различните елементи во целина.

05. Енергија

Тука се опфаќаат истражувањата што се однесуваат на снабдувањето, производството, чувањето и дистрибуцијата на сите видови енергија, вклучувајќи ја и водата, освен истражувањата што се однесуваат на погонските средства за возила и ракети. Тука спаѓаат и истражувањата во областа на нуклеарната енергија.

06. Индустриско производство и технологија

Оваа група ги опфаќа истражувачките програми што придонесуваат за развој на стопанството и тоа преработувачката индустрија, градежништвото, трговијата на големо и на мало и угостителството - ресторани и хотели, банкарството, осигурувањето и други деловни услуги, како и стопанството воопшто.

Не се опфаќа научно-истражувачката активност што се остварува во рамките на стопанството, а служи за други намени, на пример, истражувања на просторот, одбрана, сообраќај и телекомуникации, иако таквата активност има важно посредно влијание врз развојот на погоре споменатите стопански гранки.

07. Здравство

Оваа група ја сочинуваат истражувачките проекти насочени кон заштита и подобрување на човековото здравје. Опфатени се: хигиена на храната и исхраната, користење на радиоактивни материи во медицински цели, биохемиско инженерство, медицинско информирање, рационализација на лекувањето и фармакологија (вклучувајќи и примена на тестови во медицината и одгледување на лабораториски животни за медицински цели), епидемиолошки истражувања, заштита од професионални заболувања и зависност од лекови.

08. Земјоделство

Оваа група ги опфаќа истражувачките програми што придонесуваат за развој и унапредување на земјоделството, шумарството, експлоатацијата на шумите, ловот и риболовот, вклучувајќи ја и работата со хемикалии и маханизацијата на наведените дејности. Не се опфаќаат истражувањата во врска со производството, складирањето и дистрибуцијата на храна и пијалаци.

09. Образование

Ова група содржи И&Р поврзани со:

- општо образование, вклучувајќи обука, педагогија, едукација, специјални програми (за надарени лица и за оние со пречки во учењето);
- пред и основно училиште;
- средно училиште;
- послесредно не високо образование;
- високо образование;
- помошни услуги за образование.

10. Култура и рекреација, религија и медиуми

Ова поглавје содржи И&Р поврзани со општествените појави од типот на културни активности, религија и рекреативни активности, со цел да се дефинираат нивните влијанија на животот во општеството.

Концептот на „култура" се однесува на социологија на науката, религијата, уметноста, спортот и рекреацијата, а, меѓу другото, и од истражување и развој на медиумите, владеење на јазикот и социјална интеграција, библиотеки, архиви и надворешна културна политика. Оваа глава, исто така, вклучува И&Р кои се однесуваат на:

- културни услуги;
- рекреативни и спортски услуги;
- за радиодифузија и издаваштво;
- верски и други услуги на заедницата;
- јавна администрација.

11. Политички и социјални системи, структури и процеси

Ова поглавје содржи И&Р поврзани со:

- политичката структура на општеството;
- прашања од јавната администрација и економската политика;
- регионални истражувања и управување на повеќе нивоа;
- социјални промени, општествени процеси и социјални конфликти;
- развој на социјалната заштита и социјални системи за помош;
- социјални аспекти на организацијата на работата.

Оваа глава, исто така, вклучува И&Р поврзани со:

- развој на методи за борба против сиромаштијата на локално, национално и меѓународно ниво и заштита на одредени категории на население на општествено ниво (имигранти, деликвенти итн.), на социјално ниво, односно во однос на нивниот начин на живот (млади, возрасни, пензионери, хендикепирани, итн.) и на економско ниво (потрошувачи, земјоделци, рибари, рудари, невработените и сл.);

- методи за обезбедување на социјална парична помош, ненадејни промени (природни, технолошки и социјални) кои се јавуваат во социјалата. Оваа глава не вклучува И&Р во врска со индустриското здравје, контролата на здравјето на заедниците, од организациски и социомедицински аспект, загадувањето на работното место, спречувањето на хаварии и медицинските аспекти на причините за индустриските несреќи.

12. Општи унапредувања на знаењето

Оваа група ги опфаќа сите расходи наменети за истражување и развој кои придонесуваат за општите унапредувања на знаењето, а кои не може да се приклучат кон некоја друга одредена цел.

13. Одбрана

Тука се опфатени истражувачките програми што се изведуваат првенствено за воени потреби, без оглед на нивната содржина и дали имаат секундарна цивилна примена. Се опфаќаат нуклеарните и истражувањата во просторот, преземени за воени потреби. Не се опфаќаат цивилните истражувања што ги финансира Министерството за одбрана, на пр., истражувањата во областа на метеорологијата и телекомуникациите.